**ЗАПИСНИК**
**од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 03.05.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Милаим Фетаи (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, м-р Луција Ѓурковиќ, д-р Ивана Стојановска и Маја Дамевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 20 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информира дека на седницата ќе биде отсутен г-дин Фетаи бидејќи неколку дена ќе престојува во странство. Во врска со дневниот ред предложи материјалот кој членовите на Советот го добија под Точка Разно - Предлог-решение за одбивање на барање за одлагање на извршување на Одлука на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-527 од 03.04.2019 година, да биде ставен под Точка 2, со тоа што останатите точки редоследно ќе се поместат за еден број подолу. Објасни дека оваа измена на дневниот ред ја предлага поради тоа што Барањето за одлагање на извршување на Одлуката на Советот пристигна по одобрување на дневниот ред од негова страна.

Советот на Агенцијата, со предложените измени, едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.04.2019 година.
2. Предлог-решение за одбивање на Барање за одлагање на извршување на Одлука на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-527 од 03.04.2019 година.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА – САТ 2000 ДООЕЛ Охрид поради прекршување на член 141 од ЗААВМУ.

4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево поради прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 6 гласа „за“ го усвои предложениот Записник од 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.04.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-решението за одбивање на Барање за одлагање на извршување на Одлука на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-527 од 03.04.2019 година. Објасни дека Советот на Агенцијата на седницата одржана на 02.04.2019 година донесе Одлука за доделување на дозвола за радио емитување на државно ниво на албански и македонски јазик. Во постапката учествуваа три заинтересирани страни од кои две не ги исполнуваа условите додека третиот, физичкото лице Татеши ја доби дозволата. Една од заинтересираните страни ГБЦ Комуникации поднела тужба до Управен суд за поништување на Одлуката на Советот на Агенцијата и бара Советот да донесе одлука за одлагање за извршување на одлуката на Советот на Агенцијата. Посочи дека Агенцијата години station наназад во повеќе наврати во Програмата за работа ја има евидентирано потребата за доделување на дозвола за радио емитување на државно ниво претежно на албански јазик, но од технички причини таа одлука на Советот не можеше да биде реализирана. Оваа година откако престана со работа радиото Слободна Македонија, се создадоа технички услови за реализирање на оваа заложба на Советот на Агенцијата. Во таа насока спроведено е истражување по службена должност и утврдена е потребата за доделување на ваква дозвола. На конкурсот како што претходно објасни, се јавија три кандидати од кои двајца не ги исполнуваа условите. Едниот од нив ГБЦ Комуникации имаше несоодветни финансиски документи со кои не можеше да се гарантира работењето на радиодифузерот и исто така и од аспект што со доделувањето на дозволата на веќе постоен радиодифузер ќе се создадат услови за недозволена медиумска концентрација. Затоа смета дека одлуката која ја донел Советот врз основа на анализата на поднесените документи од страна на сите тројца кандидати е во согласност со Законот и со претходните заложби на Советот и не постојат никакви причини да се прифати Барањето за одлагање на извршување на Одлуката на Советот. Од тие причини објасни дека се предлага да се донесе Решение за одбивање на Барањето на предлагачот ГБЦ Комуникации.

Г-дин Петрушевски објасни дека подносители на Барањето се ГБЦ Комуникации од Штип претставувано од управителот Горанчо Гаврилов и физичкото лице Слободанка Блажевска од Штип. Во нивното Барање се предлага да се одложи или прекине процедурата која ја започна Советот за формирање на радио на државно ниво, претежно на албански јазик и македонски јазик, на Фисник Татеши од Струга. Оваа заложба како што кажал и директорот или оваа идеја не е од сега, туку е од

формирањето на овој Совет па и од пред тоа бидејќи имаше заложби и констатации на претходниот состав на Советот за радиодифузија. Заложбата на овој Совет да се формира вакво радио е од причина што наназад никогаш не постоело приватно радио на претежно албански јазик во нашата држава. Оваа заложба не можеше да се реализира од технички причини затоа што сите фреквенции беа зафатени. Сега дојде моментот ова да се реализира, се создадоа услови затоа што еден радиодифузер од финансиски причини се откажа од дозволата и се ослободи фреквенција. Потоа Советот распиша конкурс и на тој конкурс се доби еден исправен понудувач а тоа е физичкото лице Фисник Татеши од Струга. Објасни дека не може да разбере зошто сега ова се проблематизира и зошто Советот целата процедура да ја сопре со можност никогаш да не се реализира. Подносителите на ова барање, управителот Горанчо Гаврилов од фирмата ГБЦ Комуникации каде што сопственик е неговиот син, и физичкото лице Слободанка Блажевска кој е и вработена во истата компанија, бараат ова да се прекине. И претходниот пат кога носеле одука да се додели дозволата на физичкото лице од Струга, рекол дека не може да се согласи еден субјект ГБЦ Комуникации да има можност реално да има два медиуми, две радија на државно ниво затоа што тоа Законот не го дозволува. Тој ќе беше доминантен и во второто радио коешто бараше да го добие иако имаше проблеми со документацијата. Исто така овој управител на ГБЦ Комуникации неколку години наназад се залага Агенцијата да ја одземе дозволата на ТВ 24 Вести. Нешто што навистина не може да го разбере е тоа дека еден медиум се залага друг медиум да се угаси а тоа неколку пати Советот го одбивал. Не би навлегувал за причините зошто тоа го бара, во секој случај тоа го одбиле а и ова исто така. Ако Советот ја прекине процедурата ќе му се нанесе штета на оној на кој му е доделена дозволата, од причина што тој има добиено фактура, при тоа се регистрирал во Централен регистар и одлуката на Советот е законски основана и морално оправдана. Се изјасни дека стои зад ова, не може да го смени мислењето, нема никакви аргументи за да го смени и затоа ќе го поддржи предлогот да се одбие барањето. За неговиот став детално ги објаснил причините зошто и од законски и морални причини не може да прифати ова радио да не започне со работа.

Г-дин Ајдини рече дека најверојатно ќе треба да се повторуваат во дискусиите. Објасни дека прво ја цени заложбата на присутните членови на Советот и на г-дин Фетаи кој денес е отсутен, кои неколку години наназад ја имаат нотирано потребата за едно радио на државно ниво кое ќе емитува програма претежно на албански јазик. Наведе еден пример затоа што го зачудува заложбата на господинот кој е против ова радио да започне со работа. Објасни дека тој како Селвер Ајдини припадник на албанска националност во Македонија, кога доаѓа на работа од Куманово во Скопје во автомобилот не може да слушне програма на ниедно радио кое емитува програма на албански јазик и во овој дел се чувствува понижен. На 02.04.2019 година му преставувало радост кога сите заедно како Совет успеале да донесат одлука за доделување на дозвола на радио на државно ниво кое ќе емитува програма претежно на албански јазик. И тогаш бил убеден дека Советот носи правилна Одлука, како и сега што е 100% убеден дека Одлуката беше правилна. Од таа причина ќе гласа да се одбие Барањето за одложување на Одлуката.

Г-дин Фиданоски сметаше дека доделувањето на ваква дозвола е исполнување, односно излегување во пресрет на општествената реалност во Македонија. Значителен дел од вкупната популација во Македонија е од албанската етничка заедница а досега ниту едно комерцијално радио на државно ниво не емитува

програма доминантно на албански јазик за разлика од телевизии кои ги има повеќе на број. Според него два моменти се битни. Неколку години по ред како Совет го донеле а потоа го повторувале и констатирале заклучокот дека кога ќе се создадат услови оваа работа ќе ја остварат, ќе ја реализираат, ќе отворат конкурс по кој ќе треба да се додели таква дозвола. Тоа е едниот момент. Вториот момент е што самата Студија покажа дека има потреба и дека има оправданост да се отвори конкурс за радио од специјализиран формат со програма доминантно на албански јазик. Побара да добие вербален одговор или од директорот или од некој од Стручната служба, бидејќи во тужбата наведена од тужителот до Управниот суд стои дека со тоа што Советот практично би го стопирала процесот на функционирање на тоа радио нема да се нанесе никаква штета на актуелниот имател на дозволата на државно ниво. Познавајќи го судскиот систем како функционира во Македонија и колку време траат постапките, побара одговор дали и каква реална штета може да му се нанесе на имателот на таа дозвола доколку хипотетички Советот донесе одлука да се стопира процесот?

Г-дин Трајчевски одговори дека до сега од наведената компанија односно од наведеното лице Горанчо Гаврилов биле поднесени повеќе тужби до Управен суд за исти вакви конкурси коишто ги објавувала Агенцијата односно Советот за радиодифузија. Од кога е тој тука рече дека не постои конкурс што ова лице не конкурирало и потоа не ја обжалил одлуката. Во 2012 или 2013 година за конкурсот за Радио Слободна Македонија во основаната фаза на Управен суд, поминаа три години и повеќе додека судот донесе одлука, а Вишиот Управен суд ја потврди одлуката во текот на оваа година, значи после 5 години заврши процедурата. Што значи дека тоа одлагање не е од неколку денови туку одлагање од неколку повеќе години, односно реално никогаш да не профункционира субјектот на кого му е доделена дозволата.

Г-дин Трајчев рече бидејќи не учествувал во донесување на Одлуката за доделување на таа дозвола, во гласањето по оваа точка ќе биде воздржан.

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Трајчев донесе Решение со кое се одбива Барањето за одлагање на извршување на Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-527 од 03.04.2019 година за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис, говорно-музичко радио од специјализиран формат кај кое доминантниот вид на програма има забавна функција, на албански и на македонски јазик, на државно ниво.

Се задолжи Секторот за правни работи да го изготви Решението за одбивање на Барањето за одлагање на извршување на Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-527 од 03.04.2019.

Решението да се достави до Друштвото за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип, управителот на Друштвото за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип Горанчо Гаврилов и Слободанка Блажевска од Штип.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Помошник раководителот на Секторот за стратешко планирање и авторски права Луција Ѓурковиќ го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА – САТ 2000 ДООЕЛ Охрид поради прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека од редовниот надзор кој беше спроведен на 23.04.2019 врз операторот АЛТРА-САТ 2000 ДООЕЛ Охрид беше констатирано дека реемитува 8 програмски сервиси кои не се опфатени со потврдите за регистрација. Од таа причина се предлага да му се изрече мерката јавна опомена.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-2424/1 од 26.04.2019 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА-САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, и му наложи веднаш по приемот на решението за изрекување мерка, согласно точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да го усогласи своето работење со одредбите од членот 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да го исклучи реемитувањето на програмските сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата.

Се задолжи Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор да се достави до Агенцијата за електронски комуникации.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Помошник раководителот на Секторот за стратешко планирање и авторски права Луција Ѓурковиќ го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево поради прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека овој оператор реемитува 5 програмски сервиси кои не се опфатени со потврдите за регистрација и се предлага мерката јавна опомена.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-2425/1 од 26.04.2019 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператот КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, и му наложи веднаш по приемот на решението за изрекување мерка, согласно точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да го усогласи своето работење со одредбите од членот 141 од Законот за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги, односно да го исклучи реемитувањето на програмските сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата.

Се задолжи Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор да се достави до Агенцијата за електронски комуникации.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-2430/5**
**08.05.2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**